# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

**Број 8** **Среда, 23 Август 2023** **Демир Капија**

**1442 Демир Капија, ул.Маршал Тито бб тел/факс: (+389 43) 364 100, e-mail: opstinadk@yahoo.com**

**С О Д Р Ж И Н А**

*1. Заклучок за оправданост на причините за свикување на вонредната седница…………………*
*2. Одлука за одржување на панаѓур во град Демир Капија………………………………………………*

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за оправданост на причините за свикување на вонредната седница**

Се објавува Заклучок за оправданост на причините за свикување на вонредната седница, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 22.08.2023 година.

Број 09 –613/1 Градоначалник на
23.08.2023 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 40 став 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), Советот на Општина Демир Капија на седницата одржана на ден 22.08.2023 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За оправданост на причините за свикување на вонредната седница**

**1.** СЕ ОПРАВДУВААТ причините за свикување на вонредната седница поради краткиот временски рок за одржување на панаѓурот.

**2.** Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 610/2 Претседавач на Совет на
22.08.2023 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Елизабета Петрова с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за одржување на панаѓур во град Демир Капија**

Се објавува Одлука за одржување на панаѓур во град Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 22.08.2023 година.

Број 09 –613/2 Градоначалник на
23.08.2023 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), Советот на Општина Демир Капија на седница одржана на ден 22.08.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За одржување на панаѓур во град Демир Капија**

**Член 1**

Панаѓурот во град Демир Капија ќе се одржува секоја година во деновите 27 и 28 Август за време на празникот Голема Богородица.

**Член 2**

Локацијата за одржување на панаѓурот во град Демир Капија е со следниот опфат:

- централното градско подрачје - Плоштад во Демир Капија;
- од двете страни на дел од ул.Маршал Тито на потегот од пешачка зона (плоштад) до градскиот пазар, и дел од обиколница на Демир Капија од градскиот пазар до спој со ул.Јане Сандански (графички прилог).

**Член 3**

За користење на простор определен во член 2 став 1 алинеја 1 од одлуката се наплаќа надоместок во износ од 60,00 денари/м2 корисна површина врз основа на поднесено барање до Секторот за уранизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР.

**Член 4**

За користење на просторот определен во член 2 став 1 алинеја 2 од одлуката, за поставување на урбана опрема - тезги, се наплаќа надоместок во износ од 600,00 денари/м.

Одбележување и нумерирање на локациите и наплата на надоместокот од член 2 став 1 алинеја 2 ќе врши ЈКП БОШАВА Демир Капија.

Средствата од надоместокот се приход на ЈКП БОШАВА Демир Капија.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 610/3
22.08.2023 година
Демир Капија

Претседавач на Совет на
Општина Демир Капија,
Елизабета Петрова с.р.